# Една година отворена општина –
# Една година за граѓаните на Крива Паланка

**Градоначалникот на општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски, денеска на прес-конференција презентираше резиме за сработеното во првата година од мандатот и ги најави проектите за наредниот период.**

**Со својата транспарентна, чесна, одговорна и посветена работа градоначалникот Мицевски, првичениот перод од мандатот го посвети на скенирање на состојбите, поставување на здрава и цврста основа за градење на подобра иднина за сите нас.**

Почитувани мои сограѓани, драги Кривопаланчани,

Деновиве наврши една година, откако ми ја дадовте довребата да ја водам Општина Крива Паланка.

На почеток, морам да признам дека тоа беше година која беше исполнета со многу предизвици, година на динамична и посветена работа за доброто на сите нас, за доброто на општината.

При тоа морам да напоменам дека на почетокот се соочив со неколку наследени состојби, како што се блокираните постапки и процедури, нефункционалноста на определени служби, нерешените состојби по однос на степенот на кариера на административните службеници, судска постапка од вработените во ТППЕ, блокирани предмети и незавршени постапки за легализација на бесправно изградени објекти.

Од овој аспект денес можам да кажам дека повеќе од 50% од вработените во Општината добија степен А и степен Б на кариера, со што нивните плати се зголемени за 5 или 10%, а со вработените во ТППЕ се потпишани спогодби за вонсудско решавање на спорот и истите вкупно ќе бидат обештетени со околу 2.000.000 денари. Во меѓувреме работиме и преговараме со Синдикатот на УПОЗ за прв пат да биде подготвен и потпишан колективен договор на ниво на работодавач, како и на кадрово зајакнување и модернизација на службите и услугите во рамки на локалната самоуправа. Во таа насока започнавме со подготовка на функционална анализа, се прават подготовки за воведување на ISO стандардизација, како и набавка на ГИС за полесно и поедноставно извршување на секојдневните задачи и обврски и побрзо и полесно обезбедување на услугите за граѓаните.

Возобновени и изберени се нови раководства во сите 32 Месни заедници на подрачјето на Крива Паланка, со што се воспостави еден нов начин на комуникација со руралните средини и граѓаните кои живеат и гравитираат во нив.

Сепак, она што е најзначајно во овој период, тоа се проектите од областа на инфраструктурата. Имено, во соработка со Владата на РМ отпочната е изградбата на експресниот пат Ранковце - Крива Паланка во вредност од околу 78.000.000 евра, а во многу скоро време ќе започне и рехабилитацијата на постоечкиот патен правец на оваа делница, како и изградбата на трета лента на патниот правец од Крива Паланка кон ГП Деве Баир во вредност од околу 13.000.000 евра.

Во текот на оваа година на локално ниво вградивме околу 10 км асфалт и тоа на улиците во н.Белево, н.Домачки Дол, Партизанска, Осми октомври, Херој Карпош. За прв пат после 40 години поставен е асфалт во должина од 6 км кон с.Осиче. Покрај тоа, во текот на оваа година беа прочистени и делумно тампонирани патни правци во руралните средини во должина од околу 200 км. Во моментот се работи на асфалтирање на патните правци во с.Конопница, во месноста Кула Сатублица, како и кракот кон училиштето во с.Трново.

Во изминатата година со 14.500.000 денари, обезбедени од МТВ беа заменети околу 2850 м мрежа од азбестни цевки, кои се користеа во системот за водоснабдување, со нови, полиетиленски. Работевме на рехабилитација на водоводите во с.Тлминци, с.Узем и с.Костур, а наскоро ќе отпочнеме со изградбата на водовод и во с.Луке. Проектираме нови водоводи во дел од приградските населби во градот, како и проектирање на нов водовод во с.Мождивњак. До крајот на месец ноември треба да заврши изградбата на пешачко рекреативната патека по т.н.Стара Вада во должина од околу 870 м со средства, обезбедени од програмата на ИПА. Ги саниравме сите габиони и свлечиштето кое беше реална опасност на патниот правец кон с.Дурачка Река. Изградени се десетина потпорни зидови на различни локации, а наскоро започнуваме и со работа за регулирање на Скрљавски Дол. Со помош на МЗШВ реконструирана е зградата на метролошката станица, реновирани се училишните дворови во ОУ Илинден и ЈОУДГ Детелинка. Поставени се поголем број на нови сијалични места, а постоечките се заменуваат со ЛЕД светилки при што заштедата во првите 10 месеци од оваа година е околу 800.000 денари. Се работи на поставување на 12 автобуски стојалишта, а поставена е првата станица за полнење на електромобили, во соработка со ЕВН.

Проектот за Промоција на туризмот во 3Д, кој беше целосно блокиран, успеавме да го одблокираме и за само неколку месеци да го финализираме, а Крива Паланка да добие две нови, целосно реконструирани и опремени со најсовремена опрема сали во рамките на општинската зграда. Работевме на проектирање на нов градски плоштад и парк, нов градски пазар со паркинг простор, на активирање на постапките за носење на ДУП за урбаните блокови 7А и 4А, како и на комплетирање на документацијата за проектот за гасификација на Крива Паланка и негово аплицирање во Владата на РМ за отпочнување со градба, како пилот општина. Исто така, во фаза на изработка се проектите за нов патен правец во с.Дурачка Река и избегнување на постоечкото

свлечиште, како и проектот за промоција на Станечките водопади и нивно поврзување со Калин Камен преку соодветно трасирана планинарска патека.

Аплицирано е и очекуваме поволни информации и резултати по однос на неколку проектни апликации од програмата на ИПА, а пред се, за уредување на речното корито, за изградба на пристапни патеки, уредување на јавни површини и креирање на фитнес зони, како и проектни апликации за поставување на фотоволтаици на повеќе јавни институции и установи, но и средства за изградба на поголем број патни правци во с.Голема Црцорија, с.Градец, с.Варовиште и изградба и рехабилитација на тротоарските површини во градот.

Општинската веб страна доби 2 признанија и тоа трето место за сајт на годината од владини и државни институции и најдобар сајт за пристап на лица со пречки во развојот. Според степенот на транспарентност, истата котира на високото 5 место на национално ниво, според Центарот за граѓански комуникации. Од оваа година се врши директен пренос на седниците на советот на официјалната веб страна на општината, а за руралните подрачја и за месните заедници на месечно ниво се печати и дистрибуира билтен во тираж од 500 примероци, во кој се содржани информации за сите позначајни активности на локално ниво. Општинскиот совет е целосно компјутеризиран, а материјалите кои порано се доставуваа во хартиена форма сега се доставуваат по електронски пат.

Во делот на комуналната дејност поставени се 50 корпи за отпад на јавни локации и набавени се 10 нови контејнери. Организирани се поголем број на акции за чистење на десетина диви депонии и уредување на 30 јавни површини со отстранување на хаварисани возила. Прочистени се поголем број на каналски и цевчести пропусти во н.Домачки Дол, Белевски Дол, Бојанов Дол, Куков Дол, Бегови Бавчи, Нимулија, како и на плочести и цевчести пропусти под магистралниот пат и долж речното корито. Извршено е уредување на речното корито на Крива Река, како и отстранување на стеблеста вегетација кај спортскиот комплекс, а се работеше и на озеленување на јавни површини во месноста викана Стара кожара. Оваа година за прв пат е донесена програма за третирање на кучињата скитници во градот и е склучен договор со избрана фирма, преку која истите соодветно се третираат.

Во сверата на културното живеење на градот беа организирани поголем број на настани и манифестации за одбележување на датуми од локално, национално и интернационално значење. На одбележувањето на денот на ослободувањето на Крива Паланка имавме присуство на 11 странски делегации од 8 држави и над 50 домашни делегации од министерства и други институции. За таа прилика покрај востановената Осмо-октомвриска награда на истакнати и заслужни граѓани, за прв пат се додели наградата Почесен граѓанин на ЕА Самуел Жбогар и Наградата за посебни заслуги и промоција на Крива Паланка на министерот Љупчо Николовски. За прв пат празнувањето беше збогатено со организирање на првата Иселеничка средба во

присуство на Борче Величковски - претседател на Македонскиот национален совет во Србија, како и интернационалната манифестацијата Шопска софра и избор на најубав пар во народна носија. За прв пат оваа година беше извршен и избор на Просветен работник на годината, а по повод 24 Мај. Во таа насока е организирано и најмасовното Џип рели по патеките на Осогово со околу 600 учесници. Во насока на стимулирање на локалните автори и уметници возобновена е манифестацијата фестивал на детски песнички „Распеано Симитче“, а во соработка со ЛУ Градски Музеј Крива Паланка за прв пат е објавен и спроведен конкурс за откуп на дела од локални автори.

Оваа година имавме и интензивна дипломатска офанзива. Покрај посетата на 8 домашни министри, Крива Паланка ја посетија Самуел Жбогар, Џес Бејли, Лујза Винтон, амасадорите на Кралството Шпанија, Украина, Србија, како и многу други. Во семејството на збратимени општини ја додадовме Општина Перечин од Украина, а се надеваме дека наскоро ќе ги додадеме и Општина Бор од Р.Србија, Испарта од Турција и Грос Цимерн од Германија. Организиравме недела на шпанскиот и на турскиот филм, а во Градскиот музеј, во соработка со Мировниот Корпус, имаме инсталирано опрема и аудио водич низ изложбените поставки на неколку светски јазици.

На Фолклорниот фестивал оваа година зедоа учество 17 ансамбли од 5 држави, а на театарскиот фестивал, кој оваа година беше јубилеен беа одиграни 10 театарски претстави од театарски групи од 4 различни држави. На традиционалниот Џојфест, годинава учествуваа Рибља Чорба, Јелена Томашевиќ, РГБ, Тајфата и Димитар. Беше организиран и предновогодишен хепенинг со многу познати звездички меѓу кои и Мартија Станојковиќ, како и предновогодишен концерт на култните Црвена Јабука.

Во таа насока мораме да ја потенцираме општествената одговорност која се демонстрираше од поголем број фирми и стопански субјекти како што се Булмак - Бугарија, Винарија Тиквеш - Скопје, Еколајф пелет за вас - Скопје, Житолукс Скопје и поголем број на други локални фирми. Во таа насока оформен е Општинскиот сојуз на стопанственици и потпишан е Меморандум за соработка со Стопанската комора на Македонија. Во насока на зголемување на општествената одговорност во фаза на реализација е и регистрацијата на Фондација „Со срце за Крива Паланка“.

Одбележани беа и поголем број на интернационални денови како што се 9 Мај- Ден на ЕУ, Светскиот ден без автомобили, Денот на екологијата, Денот на планетата Земја, Интернационалниот ден на Ромите, Денот на лицата со посебни потреби, први април - Денот на шегата, манифестацијата Невестинско поклонение и Интернационалниот конкурс за карикатура.

Во насока на подобрување на социјалните услуги, а во соработка со МТСП во рамки на општината, адаптирана е посебна канцеларија со двајца вработени во која ќе се испорачуваат услуги во оваа сфера. Во фаза на имплементација се проектите „Цело е кога има се“ – за воспитно образовни асистенти на лицата со посебни потреби и

проектот за помош на стари и изнемоштени лица во руралните средини. Работиме и на проектирање и проширување на постоечките капацитети со доградба и надградба на објектите на детската градинка Детелинка.

За прв пат оваа година средствата наменети за НВО беа доделени на јавен конкурс на 16 различни здруженија кои имплементираат најразлични активности. На полето на спортот и младите инвестиравме многу. Покрај воведувањето на спортски стипендии за 8 спотристи и 8 стипендии за талентирани ученици, воведовме и субвенциониран превоз за 10 студенти на факултетите во Скопје и Штип. Набавени се 10 смарт табли за кабинетите на СОУ Ѓорче Петров, а учениците од Крива Паланка го освоија првото место на националниот натпревар - Треш Фешн. Младите музичари од нижото музичко училиште се закитија со бројни награди, како на домашно, така и на меѓународно ниво.

Од оваа година во Крива Паланка ја донесовме ракометната школа на Металург, оформивме шаховски и пливачки клуб, имаме кошаркарски екипи и тоа женска која се натпреварува во првата и машка која се натпреварува во втората македонска лига. Пинпонгарите и каратистите постигнаа завидни резултати на националните и интернационалните натпреварувања. Во преговори сме да регистрираме и пинпонгарски клуб кој ќе се натпреварува во првата македонска лига. Аплициравме за изградба на атлетската патека на градскиот стадион, како и дополнителни фитнес зони на различни локации во градот. За прв пат се организира тенискиот турнир Крива Паланка - Ранковце Опен, а во чест на Први мај се организира и масовен атлетски натперавар за учениците од основните и средното училиште во градот. Работиме на подобрување и омасовување и на училишните спортови.

Во фаза на подготовка се поголем број на други апликации со кои на Крива Паланка ќе и дадеме нов лик, нови можности и перспектива со подобрување на локалната економија.

Морам да кажам дека ова е само еден мал дел од она за кое имавме желба, но и идеја и визија да го направиме.

Ви благодарам за поддршката која ми ја давате мене и на општинската администрација и не мотивирате да продолжиме кон изградбата на нови евроатлански перспективи и нов модерен лик на нашата Крива Паланка.

Изминатата 2018 година за општина Крива Паланка беше плодна, исполнета со многу работа и со бројни постигнати резултати.